


Започна асфалтирањето на првата улица во новата населба „Пролет“. Се асфалтираат 262 метри од улица „1“ која води од старата зграда на Општина Делчево покрај река Габровчица и на која ќе бидат поставени и рабници. Вредноста на работите изнесува 2.375.340 денари, а средствата се обезбедени од буџетот на Општина Делчево.

Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, денеска направи увид во работите на улицата при што истакна дека овој проект е од големо значење, бидејќи станува збор за решавање на основна инфраструктурна потреба во најмладата населба во Делчево, каде секојдневно никнуваат нови станбени објекти.


ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
17.04.2019


MAX BLUE21
ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
17.04.2019